# 2024

Асоцијација за е-трговија
на Северна Македонија

Декември 2024

ecommerce.mk

# Годишен извештај

## од работата на АЕТМ

E-COMMERCE
Macedonian Association

# СОДРЖИНА ↘

Ограничена понуда во е-трговија | Недостаток на дигитални вештини | Прекугранична е-трговија | Сива економија

3 Збор од претседателката на АЕТСМ

4 Постигнати резултати во 2024

5 Едукативна и ресурсна регионална веб-платформа за е-трговија **ecommerce4all.eu**

7 Градење подобра заедница за е-трговија со нова веб-платформа за намалување на сива економија и заштита од нелојална конкуренција **ecommerce.mk/badge**

10 Дигитално подготвени за е-трговија: 60 микро, мали и средни претпријатија отворија нови е-продавници

13 Супермоќта е во локалните бизниси: Заедно со Visa и 30 ММСП градевме доверба во онлајн купувањето

17 E-commerce Awards: Препознавање на најдобрите во македонската е-трговија за 2023 и 2024 година

20 E-commerce Conference: платформа за инспирација, напредок, иновации и регионален раст

23 E-commerce Meetups & Networking: Вмрежување и едукација за зајакнување на заедницата со 300+ учесници

26 Партнерства и соработки

29 Истражувања и податоци за е-трговијата

33 Учество на настани и конференции за е-трговија

38 Медиумско присуство

39 Заклучок

# ЗБОР ОД ПРЕТСЕДАТЕЛКАТА НА АСОЦИЈАЦИЈАТА ЗА Е-ТРГОВИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



**Нина Ангеловска Станков**

Претседателка на АЕТМ

Почитувани,

Со особена гордост ви го претставуваме годишниот извештај на Асоцијацијата за е-трговија на Македонија за 2024 година. Оваа година беше исполнета со предизвици, но и со бројни успеси, благодарение на заедничките напори на нашите членови, партнери и поддржувачи.
Нашиот фокус во 2024 година беше насочен кон справување со најкритичните предизвици во е-трговијата: недоволната понуда на дигитални продавници, ниските дигитални вештини кај деловните субјекти и потрошувачите, сивата економија, и ограничувањата во прекуграничната трговија.

Преку конкретни активности и проекти, како отворање нови е-продавници, едукација за дигитални алатки и технологии, и воведување на платформата ecommerce.mk/badge, постигнавме значителен напредок во решавањето на овие прашања.

Сакаме посебно да ја истакнеме важноста на градењето доверба во онлајн купувањето, што беше клучна цел на нашите кампањи и иницијативи. Истовремено, преку регионалната соработка и партнерствата со меѓународни компании и организации како Германското друштво за меѓународна соработка - GIZ, USAID, CEFTA, Visa и Mastercard направивме значајни чекори во унапредувањето на прекуграничната е-трговија и јакнењето на позицијата на македонските компании во дигиталната економија. Ви благодарам за вашата доверба и поддршка. АЕТМ останува посветена на својата мисија да ја поттикне дигиталната трансформација и да создаде поволна средина за развој на е-трговијата во Македонија и регионот.

Со почит,
Нина Ангеловска Станков
Претседателка на АЕТМ

# ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2024

**посветеност** кон унапредување на домашната и регионалната е-трговија

- **130+ членови** со 9200+ вработени
- **3 настани** за вмрежување и едукација со **300+ учесници**
- **бројни кампањи за промоција** на членови и верификувани е-трговци
- постојано известување за е-трговијата што резултираше со **315 објави во медиумите**
- зголемување на понудата во е-трговијата со поддршка на **80 мали бизниси** да отворат свои е-продавници
- наградување на 38-те најдобри е-продавници за 2023 со **111,237 гласови** од публиката
- објавување на првиот извештај за е-трговија за земјите од ЗБ **„Western Balkan E-commerce Report 2024"**
- верификувани **34 нови е-продавници,** што ја зајакнува довербата во е-трговијата
- објавување на информативен текст за е-трговијата секој втор ден
- **застапување** пред институции и организации со цел унапредување на е-трговијата
  потпишани **3 MoUs**
- лансиран регистар со **1700+ е-трговци** со цел безбедно онлајн купување
- организација на најголемата конференција за е-трговија со **742 учесници од Западен Балкан и Европа**
- информирани 7500+ претплатници преку **60 newsletters** за е-трговијата
- комплетирање на веб-платформата ecommerce4all.eu која има **53.500+ посети во 2024**
- дигитализација на внатрешни процеси, фактурирање и аплицирање за Беџ за верификуван е-трговец

# Едукативна и ресурсна регионална веб-платформа за е-трговија ecommerce4all.eu

Зголемување на понудата во е-трговија | Подобрување на дигитални вештини | Прекугранична е-трговија | Сива економија

ecommerce4all REGIONAL PLATFORM

во соработка со




**53.500+**
корисници

**7**
земји

**6**
модули

Јануари - Ноември

# Ја комплетиравме едукативната и ресурсна регионална веб-платформа за е-трговија ecommerce4all.eu

Зголемување на понудата во е-трговија | Подобрување на дигитални вештини | Прекугранична е-трговија | Сива економија




Во 2024 година, платформата ecommerce4all.eu продолжи со значителен развој, дополнително зајакнувајќи ја својата улога како централен ресурс за е-трговија во ЦЕФТА регионот. Оваа година, модулите за е-плаќање и достава беа проширени и сега ги покриваат сите седум пазари, овозможувајќи им на бизнисите подобар пристап до клучни информации.




Новитет на платформата е Регионалниот беџ за доверба во е-трговија, кој има за цел да ја зголеми сигурноста на купувачите и да поттикне фер конкуренција. Воедно, модулот за податоци беше надграден со Индекс за подготвеност на мрежата (NRI), резултати од Индекс на логистички перформанси (LPI) и други важни податоци за развој на е-трговијата.

Во текот на годината, платформата беше активно промовирана на водечки регионални настани како што се Годишната конференција за е-трговија на АЕТМ и конференцијата Xperience во Србија, како и на многу други настани.




Со продолжениот раст на достигнувањата и влијанието на платформата, ecommerce4all.eu продолжува да биде важен ресурс и центар за знаење, кој им помага на бизнисите во ЦЕФТА регионот да постигнат успех во е-трговијата. Корисниците можат да пристапат до локализирани ресурси преку специјални URL-линкови за секој пазар или преку почетната страница на платформата, која нуди персонализирани информации за сите пазари во регионот.

Кон веб-платформа

# Градење подобра заедница за е-трговија со нова веб-платформа за намалување на сива економија и заштита од нелојална конкуренција

во соработка со

Со поддршка од USAID и Консалтинг за стратешки развој, АЕТМ успешно го реализираше проектот „Градиме доверба во е-трговијата.“ Проектот резултираше со создавање на веб-платформата **ecommerce.mk/badge**, преку која беше унапреден Беџот за верификуван е-трговец и воведен Регистар на регистрирани и верификувани е-трговци, дополнет со категоризација. Платформата овозможува е-продавачите лесно да аплицираат за Беџот, додека е-купувачите можат да пронајдат сигурни продавници, да ги научат придобивките од купување од регистрирани продавачи и да се информираат за институциите каде што можат да пријават проблеми со нивните купувања. Дополнително, преку платформата се автоматизираа процеси како аплицирање и реобнова на членство и Беџ, издавање на фактури, како и креирање на кориснички профили за членовите и верификуваните е-трговци, овозможувајќи полесно управување и автоматизирани нотификации.

**1700+**
е-трговци во категоризиран регистар

**36.000+**
уникатни корисници

**83**
верификувани е-трговци



# Го продолживме проектот за развој и лансирање на новата веб-платформа ecommerce.mk/badge за намалување на сива економија и заштита од нелојална конкуренција во е-трговијата

Подобрување на дигитални вештини | Сива економија

Во рамки на иницијативата „Градење подобра заедница за е-трговија“, АЕТМ ја промовираше веб платформата ecommerce.mk/badge. Оваа платформа има за цел да ги поддржи напорите за намалување на сивата економија, заштита од нелојална конкуренција и зголемување на довербата во онлајн купувањето.

Платформата располага со следните главни карактеристики

**#1 РЕГИСТАР НА Е-ТРГОВЦИ ВО СОРАБОТКА СО 5-ТЕ БАНКИ КОИ НУДАТ Е-ТРГОВИЈА ВО ЗЕМЈАТА**

- Категоризиран список на регистрирани е-трговци кои активно нудат производи и услуги со можност за онлајн плаќање
- Ажурирање на податоците на квартално ниво
- Можност за пребарување по правен субјект, веб адреса и категорија

**#2 БЕЏ ЗА ВЕРИФИКУВАН Е-ТРГОВЕЦ**

- Автоматизиран и лесен процес за аплицирање и обновување на Беџот
- Промоција на верификувани е-продавници кои ги задоволуваат неопходните ставки од регулативата

**#3 ИНФОРМАТИВНА И ЕДУКАТИВНА СОДРЖИНА**

- Информативна страница за поднесување поплаки до надлежните инстуции за е-трговија во земјата
- Едукативни материјали за ризиците од сивата економија и важноста на регистрираните е-трговци




Кон веб-платформа

## ИНИЦИЈАТИВАТА ПРИДОНЕСУВА ЗА...

1 Зголемување довербата во онлајн купувањето

2 Подобрување на информираноста на купувачите за регистрираните е-трговци и е-трговијата во целост

3 Поттикнување фер конкуренција и намалување на сивата економија

# Едуциравме над 40+верификувани е-трговци за AI во е-трговијата на првиот Ден за верификувани е-трговци

Подобрување на дигитални вештини | Сива економија




Градењето на подобра заедница за е-трговија е еден од главните приоритети на АЕТМ. Значаен дел од оваа заедница се и верификуваните е-трговци кои го имаат Беџот за верификуван е-трговец - визуелна ознака која се поставува само кај регистрираните е-трговци кои самостојно ќе аплицираат и ќе ги поминат соодветните проверки од АЕТМ за неопходните регулативи и обврски за работењето во е-трговијата.

Со цел дополнителна поддршка на оваа заедница, на 19-ти јуни 2024 година, во INNOFEIT, АЕТМ го организираше првиот E-badge Day, ексклузивен настан посветен на верификуваните е-трговци. Согласно претходно идентификуваните потреби на е-трговците, првиот E-badge Day се одржа на тема „How to: Креирање маркетинг содржина со вештачка интелигенција“ водена од Мери Шешо, Marketing & Growth Strategist. На оваа интерактивна сесија, претставници од над 40 компании се стекнаа со практични знаења за употреба на најновите AI алатки, техники за автоматизација на процеси, како и стратегии за создавање маркетинг содржина со помош на вештачка интелигенција. Работилницата имаше за цел да помогне на верификуваните е-трговци во унапредување на нивната промоција, зголемување на продажбата и максимално искористување на бенефитите кои ги нуди Беџот за верификуван е-трговец.








E-badge Day беше организиран како дел од иницијативата на АЕТМ „Градење подобра заедница за е-трговија“, во рамки на проектот на USAID „Активност за јакнење на деловниот екосистем“, имплементиран од Консалтинг за стратешки развој.

# Дигитално подготвени за е-трговија: 60 микро, мали и средни претпријатија отворија нови е-продавници

во соработка со USAID

Зголемување на понудата во е-трговија | Подобрување на дигитални вештини

Проектот „Дигитално подготвени за е-трговија“ (енг. Digitally Fit for E-commerce) реализиран од Асоцијацијата за е-трговија на Македонија во соработка со Асоцијацијата за е-трговија на Албанија, а поддржан од USAID Economic Development, Governance and Enterprise Growth Project (EDGE) имаше за цел да поддржи 60 микро, мали и средни претпријатија од Македонија и Албанија да ги зајакнат своите дигитални вештини, подетално да ги запознае со светот на е-трговијата и да им помогне да започнат со продажба на своите производи и услуги на некоја од локалните маркетплејс платформи во двете земји.



**60 ММСП**
со зголемени дигитални вештини и нови е-продавници



вклученост на **2 земји**




**150+** присутни учесници на завршен настан

# Поддржавме отворање на 60 нови е-продавници во Македонија и Албанија под иницијативата „Дигитално подготвени за е-трговија“

Зголемување на понудата во е-трговија | Подобрување на дигитални вештини




Проектот „Дигитално подготвени за е-трговија“, имплементиран од АЕТМ во соработка со Асоцијацијата за е-трговија на Албанија и поддржан од проектот на USAID за економски развој, управување и раст на претпријатијата (EDGE), имаше за цел да ги унапреди дигиталните вештини и онлајн присуството на 60 микро, мали и средни претпријатија (ММСП) од Македонија и Албанија.

Проектот се реализираше во три клучни фази:

**#1 Селекција и анализа**

Преку јавен повик беа избрани 30 ММСП од секоја земја кои ги задоволуваа потребните критериуми, со фокус на сектори како агропроизводство, лесно производство и туризам. Потребите за дигитални вештини на овие компании беа детално анализирани, овозможувајќи прецизно прилагодување на обуките на специфичните предизвици и потреби на секоја компанија.

**#2 Едукативна програма**

Беа спроведени три специјализирани обуки во живо, фокусирани на е-трговијата и дигиталниот маркетинг. Во Северна Македонија, обуките се одржаа од 15 до 21 декември 2023 година, во INNO-FEIT, додека во Тирана, Албанија, се реализираа од 10 до 12 јануари 2024 година. Обуките опфатија теми како позиционирање на бренд, стратегии за дигитален маркетинг и логистика за е-трговија.

**#3 Интеграција на маркетплејс платформи**

Компаниите беа поврзани со локални маркетплејс платформи, овозможувајќи им да воспостават нов продажен, онлајн канал. Оваа активност придонесе кон зајакнување на нивната дигитална подготвеност и проширување на нивното пазарно присуство.






# Поддржавме отворање на 60 нови е-продавници во Македонија и Албанија под иницијативата „Дигитално подготвени за е-трговија“

**Зголемување на понудата во е-трговија** **Подобрување на дигитални вештини**

На 29-ти мај 2024 година, проектот кулминираше со бесплатен едукативен и нетворкинг настан за е-трговија, одржан во новоотворениот иновациски центар Innox во Скопје. Настанот привлече над 150 учесници и покрај истакнување на постигнатите резултати од проектот, вклучуваше панел дискусија на тема „Ефективен маркетинг во е-трговија – Како со малку да направиш многу“, каде што реномирани македонски е-трговци ги споделија своите искуства на темата.




Овој настан не само што ги истакна постигнатите резултати на проектот, како новоотворените е-продавници и стекнатите дигитални вештини на поддржаните компании, туку и ја потврди важноста на континуираната едукација и поддршка за развој на е-трговијата во како и локално, така и во регионот.








## ПОСТИГНАТИ ЦЕЛИ НА ИНИЦИЈАТИВАТА

1 ОТВОРЕНИ 60+ Е-ПРОДАВНИЦИ

2 ЗГОЛЕМЕНИ ДИГИТАЛНИ ВЕШТИНИ НА 60 КОМПАНИИ

3 ПОДДРШКА ЗА РАЗВОЈ НА 60 КОМПАНИИ СО Е-ТРГОВИЈА

# Супермоќта е во локалните бизниси: Заедно со Visa и ММСП градевме доверба во онлајн купувањето

во соработка со VISA

Зголемување на понудата во е-трговија | Подобрување на дигитални вештини | Сива економија

По успешната соработка во 2023 година, заедно со компанијата Visa продолживме со поддршка на развојот на е-трговијата со уште една иницијатива кои има за цел да да ја зајакне е-трговијата и дигиталните вештини, да ја зголеми понудата во секторот за е-трговија и да се бори со најголемиот предизвик во секторот е-трговија – **сивата економија.**









**20 ММСП** отворија нови е-продавници

**10** бесплатни верификации за ММСП

**зголемена доверба** во онлајн купувањето

Март - Јули

# Поддржавме 20 ММСП да отворат нови е-продавници и да унапредат дигиталните вештини

Зголемување на понудата во е-трговија | Подобрување на дигитални вештини | Сива економија










Иницијативата „Е-трговија: Супермоќ за локалните бизниси vol. 2" беше наменета за преку јавен повик, 20 микро, мали и средни македонски компании да се здобијат со можност бесплатно да отворат своја е-продавница во рамки на постоечки маркетплејс платформи или со сопствено софтверско решение.

Проектот започна со објавување на внимателно креиран јавен повик и спроведување на информативна и нетворкинг сесија за заинтересираните компании, каде беа претставени условите за учество во повикот и понудите од партнерските ИТ компании и маркетплејс платформи. По завршување на јавниот повик, **беа избрани 20 компании од вкупно 89 апликации**, кои потоа учествуваа во семинар за зајакнување на дигиталните вештини за е-трговија и маркетинг.

Во текот на јуни и јули, избраните компании успешно отворија свои е-продавници – **7 преку маркетплејс платформи, а останатите 13 со сопствени веб решенија.** По комплетирање на е-продавниците, истите беа промовирани индивидуално преку социјалните медиуми на АЕТМ, како и преку дедициран е-маил newsletter споделен со 7000+ претплатници.

Повеќе за проектот

## ИНИЦИЈАТИВАТА ПРИДОНЕСЕ ЗА...

1 Зголемување на понудата во е-трговијата и поттикнување фер конкуренција

2 Овозможена онлајн продажба за 20 ММСП

3 Зајакнати дигитални вештини за е-трговија и маркетинг на 20 претставници од ММСП

Август - Октомври

# Реализиравме кампања за градење доверба во онлајн купувањето и верификувавме 10 ММСП

**Зголемување на понудата во е-трговија** | **Подобрување на дигитални вештини** | **Сива економија**

Во соработка со Visa, АЕТМ во 2024 година ја реализираше кампањата „Градиме доверба во онлајн купувањето“, со цел да ја зголеми довербата во е-трговијата, да ја намали нелојалната конкуренција и да го поддржи развојот на одржлив дигитален екосистем за е-трговија. Претходните анкети на АЕТМ од 2018, 2020, 2022 и 2023 година покажаа дека нелојалната конкуренција и понатаму претставува голем предизвик за онлајн продавците, што ја поттикна потребата од оваа иницијатива.










За време на кампањата за подигнување на свеста за безбедно онлајн купување, беа споделени креативи во лесен и разбирлив јазик кои го промовираа Беџот за верификуван е-трговец како едноставна визуелна ознака за е-потрошувачите да можат лесно да идентификуваат безбедни е-продавници, заедно со testimonials од верификувани е-трговци кои го даваат својот увид за тоа како им помогнал Беџот при нивната работа, кои се бенефитите за е-трговците од тоа да бидат верификувани е-трговци и слично.









# Реализиравме кампања за градење доверба во онлајн купувањето и верификувавме 10 ММСП

Зголемување на понудата во е-трговија | Подобрување на дигитални вештини | Сива економија










На повикот **аплицираа 49 е-продавници,** а 10 микро, мали и средни компании со највисоки поени во процесот на селекција добија можност за бесплатна проверка и верификација. Поддржаните е-продавници добија Беџ, што потврдува дека ги исполнуваат неопходните законски регулативи и нудат сигурно и безбедно искуство за потрошувачите.

По поставувањето на Беџот за верификуван е-трговец на е-продавниците 10-те избрани компании, истите беа промовирани преку социјалните медиуми на АЕТМ, како и преку дедициран е-маил newsletter.

Прочитај повеќе

Поддржаните е-продавници се:

Freya | ArtSpace creative studio | COSLOVEMETICS | МЕБЕЛ-ВИ | BIANA shoes

MAXIMUM пријател за техника | TehnoMarket | Little Dinos | Pet Land | HOMMEX

## ИНИЦИЈАТИВАТА ПРИДОНЕСЕ ЗА...

1 Поттикнување на доверба во е-трговијата преку истакнување на безбедни е-продавници

2 Намалување на нелојалната конкуренција и сивата економија

3 Едукација на купувачите за препознавање на безбедни е-продавници и важноста на купување онлајн од регистрирани е-трговци

# E-commerce Awards: Препознавање на најдобрите во македонската е-трговија

Зголемување на понудата во е-трговија

E-commerce Awards е годишен избор кој по четврти пат ја препознава и наградува извонредноста во македонската е-трговија. Изборот на најдобрите во македонската е-трговија има за цел да ја поттикне компетитивноста, да ги промовира најдобрите практики и да го унапреди растот и развојот на индустријата во земјата. Со транспарентен процес на номинации и гласање од јавноста и жири-комисијата, се избираат најдобрите е-трговци во 23 категории.




2023
commerce
awards

**111.200 гласови од 6.100 гласачи** за најдобрите е-трговци
**2023**




**38 наградени е-трговци** во 24 категории
**2023**




**унапредена методологија** во 2024

# Организиравме избор и манифестација за наградување на најдобрите во македонската е-трговија за 2023

Зголемување на понудата во е-трговија




На 12.03.2024, АЕТМ ја организираше свечената гала манифестација за доделување на признанија за најдобрите во македонската е-трговија за 2023 година – “E-commerce Awards”. Настанот привлече голем број присутни, меѓу кои членките на АЕТМ, партнери, поддржувачи, стручната жири комисија, како и наградените е-трговци. Програмата беше збогатена со изведби на домашни уметници, создавајќи уникатна атмосфера за прослава на успехот во е-трговијата.

На манифестацијата беа прогласени најдобрите е-трговци за 2023 година, кои се одбираа во 24 категории поделени во три секции:

1 Најдобри е-трговци во одбрани аспекти на онлајн продавање

2 Најдобри е-продавници по сектори

3 Шампиони во е-трговија

Процесот за избор на победниците се состоеше од пет фази:

1. **Номинирање на е-трговци:** Беа номинирани над 160 компании.
2. **Гласање од јавноста:** Во текот на јануари и февруари беа собрани над 111.200 гласови од повеќе од 6.100 гласачи.
3. **Формирање на ранг листи:** Финалистите во секоја категорија беа избрани врз основа на гласовите од јавноста.
4. **Оценување од жири комисијата:** Жири комисијата, составена од 12 експерти, ги евалуираше финалистите.
5. **Формирање на конечни резултати:** Методологијата предвидуваше 40% тежина за гласовите од јавноста и 60% за гласовите од жири комисијата.

Вкупно беа доделени 38 награди, поделени во 24 категории. Категоријата „Најпопуларна е-продавница“ беше единствената во која победникот беше одреден исклучиво според гласовите на јавноста. Оваа иницијатива ги истакна лидерите во македонската е-трговија и го нагласи значењето на иновациите и квалитетот во оваа динамична индустрија.

Поддржано од:

mastercard HALKBANK iute mint P2P.mk УНИБанка CaSys Diners Club International БизнисМрежа SAVA Penzisko КИБС SAVA Osiguruvanje IMAKO VINO

Кон победници 2023 | Кон галерија | Кон видео

Март

# Започнаа номинациите за избирање на најдобрите во македонската е-трговија за 2024 година

**Зголемување на понудата во е-трговија**




Започнаа номинациите за „E-commerce Awards 2024“, изборот на најдобрите во македонската е-трговија, по четврти пат во организација на АЕТМ. Оваа иницијатива не само што ги препознава најуспешните е-трговци, туку истовремено ја зголемува компетитивноста во секторот, поттикнувајќи го растот и развојот на е-трговијата во целост.

Наградите опфаќаат 23 категории, поделени во три секции: „Најдобри е-трговци во одбрани аспекти на онлајн продавање“, „Најдобри е-продавници по сектори“ и „Шампиони во е-трговија“, при што компаниите можат да се натпреваруваат за титули како „Е-трговец на годината“ и „Најпопуларна е-продавница“.

Процесот се одвива во пет фази, почнувајќи со номинации кои се бесплатни и траат до 10 јануари 2025 година. По завршувањето на номинациите, следува проверка на апликациите и објава на номинираните компании кои ги исполнуваат условите за учество.

Со цел унапредување на изборот, согласно минатогодишниот фидбек на учесниците беше направена промена во методологијата. **Оваа година, јавноста ќе има можност да гласа за своите фаворити, а овие гласови ќе сочинуваат 60% од конечниот резултат, додека преостанатите 40% ќе бидат одредени од стручната жири комисија.**

Свеченото доделување на наградите ќе се одржи во март 2025 година.

# E-commerce Conference: платформа за инспирација, напредок, иновации и регионален раст

Ограничена понуда во е-трговија | Недостаток на дигитални вештини | Прекугранична е-трговија | Сива економија

Веќе 7 година по ред, конференцијата се етаблира како еден од најголемите бизнис настани во Македонија и регионот кој на едно место собира повеќе од 700 претставници од екосистемот на е-трговијата. Оваа година, конференцијата ќе се фокусира на аспектите во е-трговијата каде е достигнат потенцијалот, но и на оние каде сѐ уште треба да се работи за да може да се искористат во целост.

7TH EDITION OF ANNUAL
commerce
conference




**742 учесници** од 12+ земји од регионот и светот



**30 истакнати говорници** од глобални и регионални компании



**4.37 / 5** оцена од учесниците

Ноември

# Со над 740 учесници ја организиравме 7-та регионална конференција за е-трговија „E-commerce: Untangling Potential”

Зголемување на понудата во е-трговија | Подобрување на дигитални вештини | Прекугранична е-трговија | Сива економија

Во текот на 2024, екосистемот за е-трговија забележа неспоредлив пораст на популарноста и неговото значење, со бизниси ширум регионот и светот кои сè повеќе го препознаваат огромниот потенцијал на овој сектор. Од проширување на fulfilment центрите до влезот на меѓународни играчи на нови пазари, индустријата доживеа навистина значајна трансформација. Истовремено, растечките очекувања на потрошувачите – од беспрекорни трансакции до флексибилни опции за плаќање и враќање на производи ја нагласуваат потребата за иновации и приспособување на бизнисите. Како одговор на овие трендови и промени, 7-та Регионална конференција за е-трговија на тема „E-commerce: Untangling Potential”, која се одржа на 12-ти ноември 2024 година во Скопје, ја потврди својата позиција како најголем настан за дигиталната економија во регионот.






Конференцијата собра повеќе од **740 учесници и 30 истакнати говорници од глобални и регионални компании** како OpenAI, TikTok, Klarna, Visa, ZEOS by Zalando, ePonuda.com, SalesSnap и Ananas. Настанот претставуваше платформа за споделување знаење, искуства и иновации, отворајќи нови можности за соработка со претставници од С.Македонија, Србија, Босна и Херцеговина, Албанија, Косово, Грција, Црна Гора, Бугарија, Молдавија, Хрватска, па дури и Канада.

Со внимателно осмислена агенда која ги истражуваше веќе отплетканите, како и неискористените аспекти на е-трговијата, конференцијата понуди инспиративни говори, панел-дискусии и активности за вмрежување, дополнително зајакнувајќи ја својата улога како централно место во регионот за размена на идеи и развој на дигиталната економија.

Како организатори, постојано се стремиме да ја унапредуваме конференцијата, обезбедувајќи нејзина релевантност и зголемена вредност за учесниците. Оваа година, покрај внимателно осмислената програма со говорници од водечки глобални и регионални компании, посебно внимание посветивме на унапредување на EXPO просторот, воведувајќи нови содржини за учесниците и компаниите-поддржувачи. Дополнително, воведовме мобилна networking апликација, преку која учесниците имаа можност да се поврзат меѓусебно и да закажуваат состаноци. Во текот на конференциската програма, соработувавме со партнерите за да додадеме забавни моменти кои го освежија искуството на публиката и понудија можност за освојување вредни награди.

**По спроведениот прашалник до учесниците, конференцијата доби висока просечна оценка од 4,37, при што 87% од испитаниците ја оценија со 4 или 5, што дополнително ја потврдува нејзината вредност и значење за регионалниот екосистем за е-трговија.**

Ноември

# Со над 740 учесници ја организиравме 7-та регионална конференција за е-трговија „E-commerce: Untangling Potential"

Зголемување на понудата во е-трговија | Подобрување на дигитални вештини | Прекугранична е-трговија | Сива економија









Во продолжение, ги претставуваме петте клучни заклучоци од овогодинешната конференција:

## Е-ТРГОВИЈАТА ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН:

Потенцијалот за раст е голем, но постојат бројни предизвици.

## ИСПОРАКА И ЛОГИСТИКА:

Клучен предизвик за отклучување на потенцијалот на е-трговијата дома и во регионот.

## Е-ПЛАЌАЊА:

Постои голем потенцијал за интеграција на нови опции за плаќање и надминување на ограничените начини на плаќање.

## ПРЕКУГРАНИЧНА Е-ТРГОВИЈА ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН:

Тој е сè уште заплеткан и недоволно искористен

## ПЕРСОНАЛИЗАЦИЈА И АВТОМАТИЗАЦИЈА:

Потребно е бизнисите да го отклучат нивниот потенцијал со алтернативни канали за комуникација и алатки со ВИ

Кон заклучоци

Кон галерија

Кон видео

# E-commerce Meetups & Networking: Вмрежување и едукација за зајакнување на заедницата со 300+ учесници

Недостаток на дигитални вештини | Сива економија

Дел од годишната програма на AETM се и „E-commerce Meetups“, настани за вмрежување и едукација со цел зајакнување на заедницата на е-трговијата. Оваа година, Со учество на повеќе од 300 лица, овие настани овозможија споделување на знаење и искуства, како и развој на нови вештини, а служеа и како платформа за поврзување на претставници и професионалци од различни сектори.



**300+**
учесници



актуелни теми на настани согласно **потребите на е-трговците**



**зајакнување на македонската заедница за е-трговија**

Април

# Го одржавме годишното собрание на АЕТМ и ја лансиравме новата веб-платформа ecommerce.mk/badge




На 3-ти април 2024 година се одржа годишното собрание на АЕТМ на кое присуствуваа членовите, партнерите и поддржувачите со цел одбележување на напредокот постигнат во изминатата година, како и претставување на плановите за тековната година. Настанот беше одбележан со осврт на реализираните активности, значајните проекти и успешните партнерства кои придонесоа за растот и унапредувањето на е-трговијата во земјата и регионот. Со поддршка на национални и меѓународни партнери, во текот на изминатата АЕТМ спроведе значајни иницијативи, вклучително и лансирањето на платформата **ecommerce.mk/badge**, насочена кон зголемување на довербата и транспарентноста во онлајн купувањето. Работниот дел на Собранието го нагласи значењето на заедничките напори и партнерства за постигнување долгорочен напредок во е-трговијата.

**Прочитај повеќе**

Мај

# Со 150+ присутни се одржа E-commerce Meetup на тема: „Маркетинг во е-трговија: Како со малку да направиш многу?

**Подобрување на дигитални вештини**

Во рамки на проектот „Дигитално подготвени за е-трговија“ на 29-ти мај се одржа бесплатен едукативен и нетворкинг настан во иновацискиот центар Innox на тема „Ефективен маркетинг во е-трговија: Како со малку да направиш многу“ каде што 5 претставници од македонски бизниси за е-трговија ги споделија своите совети и практики за максимизирање на маркетинг напорите со минимални ресурси.



Дарјан Раденковиќ (kompa.mk), Кирил Роглев (bellina.mk), Александра Бела Белчева (urma concept store), Драган Јосифовски (paket.mk) и Емилија Ланговска (Preplet Studio) ги споделија своите совети за фокусирање на резултатите, искористување на сопствената експертиза, избор на ефикасни маркетинг канали и моќта на storytelling за бренд позиционирање. **Со повеќе од 150 присутни**, настанот привлече голем интерес, потврдувајќи ја важноста на креативноста и стратегијата во маркетингот.





Октомври

# Со 70+ учесници одржавме e-commerce meetup на тема „Securing the Future: UX, Fraud Resilience and Risk Management in E-commerce" во соработка со






На 09.10.2024 година, во соработка со премиум членот Mastercard, организиравме E-commerce Meetup на тема „Securing the Future: UX, Fraud Resilience and Risk Management in E-commerce" за запознавање со најновите трендови за заштита од cyber закани. Настанот се одржа во хотел Панорамика и привлече над 70 претставници од е-трговијата.

Во рамки на настанот, претставниците на Mastercard – Сухејли Хамавиоглу, Благородна Паскова и Раду Јонеско – презентираа за заштита на податоци, сложени измами и важноста на UX, two-factor автентикацијата и новите начини на плаќање. Настанот заврши со интерактивна панел-дискусија каде говорниците дискутираа за заштита на е-трговците, фишинг измами и биометриска автентикација, одговарајќи на прашања од учесниците.

Прочитај повеќе

Ноември

# Заедно со USAID организиравме тренинг за AI за 25 млади домашни претприемачи од страна на Челесте Фејзо, експертка од OpenAI [ChatGPT]

Подобрување на дигитални вештини

АЕТМ, во соработка со Активноста на USAID за млади, организираше обука на тема „Отклучување на потенцијалот на вештачка интелигенција: Практична обука со ChatGPT“. Обуката, која собра 25 млади претприемачи и студенти, беше предводена од експертката Челесте Фејзо која воедно беше и говорник на 7 конференција за е-трговија организирана од АЕТМ, и се фокусираше на примена на вештачката интелигенција во е-трговијата. Учесниците работеле на практични вежби, истражувале иновативни алатки и развивале идеи за дигитална трансформација на бизнисите. Целта беше зајакнување на претприемачките капацитети и конкурентноста во дигиталната економија.







Прочитај повеќе

# ПАРТНЕРСТВА И СОРАБОТКИ

Прекугранична е-трговија | Сива економија

Во текот на 2024 година, Асоцијацијата за е-трговија на Македонија продолжи да ги зајакнува своите партнерства со релевантни организации и институции, со цел да придонесе кон создавање одржлива, безбедна и транспарентна средина за е-трговија. Потпишувањето на меморандуми за соработка со клучни партнери ја потврдува посветеноста на АЕТМ кон решавање на клучните предизвици во секторот, како што се борбата против сивата економија, како и поддршката на регионалниот раст на е-трговијата преку водечката улога во Балканската алијанса за е-трговија (BECA).



**3** потпишани Меморандуми за соработка




**1 година претстедавање** со Балканската алијанса за е-трговија




**заедничка посветеност** кон унапредување на домашната и регионалната е-трговија

# Меморандуми за соработка

Сива економија

АЕТМ, во соработка со Активноста на USAID за млади, организираше обука на тема „Отклучување на потенцијалот на вештачка интелигенција: Практична обука со ChatGPT“. Обуката, која собра 25 млади претприемачи и студенти, беше предводена од експертката Челесте Фејзо која воедно беше и говорник на 7 конференција за е-трговија организирана од АЕТМ, и се фокусираше на примена на вештачката интелигенција во е-трговијата.

Јуни

### АЕТМ и ОПМ потпишаа Меморандум за соработка, со здружени напори против сивата економија за нарачки на социјални медиуми

Во рамки на напорите за справување со сивата економија, АЕТМ и Организацијата на потрошувачи на Македонија (ОПМ) потпишаа меморандум за соработка. Ова партнерство е насочено кон намалување на неформалната економија, особено во контекст на онлајн нарачки преку социјалните медиуми, кои функционираат надвор од регулативата за е-трговија.




Прочитај повеќе

Јуни

### АЕТМ и Агенција за пошти ќе работат заедно кон намалување на сивата економија во е-трговијата

АЕТМ и Агенцијата за пошти потпишаа меморандум за соработка со цел да придонесат кон намалување на сивата економија во е-трговијата. Ова партнерство се фокусира на едукација и информирање на потрошувачите и бизнисите за важноста на купување од регистрирани е-продавници.



Прочитај повеќе

Јуни

### АЕТМ и РЕАКТ здружено против онлајн купувањето на фалсификувани производи и нарушувањето на интелектуалната сопственост во е-трговијата

АЕТМ и организацијата РЕАКТ потпишаа меморандум за соработка насочен кон спречување на онлајн купувањето на фалсификувани производи и заштита на интелектуалната сопственост во е-трговијата.




Прочитај повеќе

Јануари - Декември

# Претседавање на АЕТМ со Балканската алијанса за е-трговија - BECA во 2024 година

Прекугранична е-трговија







Во текот на 2024 година, АЕТМ ја презеде улогата на претседавач со Балканската алијанса за е-трговија (BECA), активно водејќи ги активностите насочени кон зајакнување на регионалната соработка во насока на подобрување на е-трговијата.

Клучните активности на BECA во текот на годината вклучува:

- **Градење на организациската структура**: Формирање на Одбор на директори и назначување на претседателка, Нина Ангеловска Станков, и проектен координатор, Марија Ристовска.
- **Дефинирање на визијата и мисијата на BECA:** Визија за единствен дигитален пазар на Западен Балкан и мисија за поддршка на економскиот раст преку иновации и интеграција во е-трговијата.
- **Усвојување на акциски план за 2024 година:** Вклучува активности за олеснување на прекуграничната е-трговија, промоција на регионалниот Trustmark Badge и зајакнување на јавно-приватниот дијалог.
- **Промоција и комуникација:** Лансирање на веб-страницата на BECA, креирање профили на социјалните мрежи (Facebook и LinkedIn) и изработка на промотивни видеа
- **Меѓународни активности:** Учество на студиски посети во Брисел и Барселона, како и активно присуство на регионални настани како 7-та Регионална конференција за е-трговија во Скопје и eCommerce Day во Сараево.
- **Организација на 4 состаноци на Одборот на директори:** Одржани во февруари, јуни, септември и декември 2024 година, на кои се разгледуваа и усвојуваа стратегии и предлози за натамошни активности.

Овие активности беа значаен придонес кон остварување на целите на BECA и зајакнување на е-трговијата во регионот на Западен Балкан.

За BECA

# ИСТРАЖУВАЊА И ПОДАТОЦИ ЗА Е-ТРГОВИЈАТА

Прекугранична е-трговија | Сива економија

Во рамки на својата континуирана работа за поддршка и развој на е-трговијата во Македонија, АЕТМ активно се ангажира во истражувања и подготовка на анализи кои ги отсликуваат најновите трендови, статистички податоци и аналитички извештаи од македонската, како и регионалната е-трговија. Овие истражувања не само што нудат важни информации за бизнисите и институциите, туку и ја зголемуваат свеста за динамичниот развој на секторот. Во оваа насока, АЕТМ ја промовира важноста на аналитичките податоци, кои обезбедуваат основа за стратешки одлуки и подобро разбирање на предизвиците и можностите што ги нуди е-трговијата.




истражување на состојбата на е-трговијата во **6 земји**

**квартално известување** за состојбата на е-трговијата во Македонија

промоција на извештај пред 740+ присутни на годишна конференција за е-трговија

# Известувавме за е-трговијата во Македонија во тек на целата година

Зголемување на понудата во е-трговија | Подобрување на дигитални вештини | Прекугранична е-трговија | Сива економија












Покрај сеопфатниот годишен извештај на АЕТМ кој се објавува традиционално на крајот на годината, АЕТМ во текот на целата година редовно известува за трендовите во е-трговијата во Македонија, базирајќи се на најновите податоци за безготовински платежни трансакции на виртуелните места на продажба, објавени од Народната банка на Република Северна Македонија, како и податоците од Државниот завод за статистика. По анализа на овие податоци, АЕТМ подготвува ПР соопштенија кои се испраќаат до македонските медиуми, помагајќи за зголемување на свеста за е-трговијата, информирање на пошироката публика и обезбедување корисни информации за е-трговците во процесот на носење информирани одлуки.

Некои од најзначајните извештаи кои беа испратени до медиумите вклучуваат:

1 **Во првите 9 месеци од 2023 година, 20.7 милијарди денари се потрошени кон домашните е-трговци –** Во овој период, вкупната вредност на онлајн трансакциите изнесува 29.9 милијарди денари, што претставува пораст од 18.2% во споредба со истиот период минатата година. Кон анализа

2 **АЕТМ: Вредноста на онлајн трансакциите во 2023 година изнесува 649 милиони евра –** Оваа сума е резултат на пораст од 18% во споредба со претходната година. Повеќе од 70% од трансакциите се остварени од физички лица. Кон анализа

3 **Каде најмногу купуваат онлајн Македонците во странство? –** 573.4 милиони евра се потрошени од Македонците со своите платежни картички во странство, а 34% од нивната потрошувачка е насочена кон онлајн купување, со најголем удел во патувањата и резервациите. Кон анализа

4 **Во првите 6 месеци на 2024 година, реализирани онлајн трансакции во вредност од 339.8 милиони евра –** Македонските е-трговци учествуваат со 61.8% во вкупната вредност на овие трансакции, со значителен пораст на продажбите од странски купувачи. Кон анализа

5 **63.5% од интернет корисниците направиле онлајн нарачки во 2024 година –** Според податоците од Државниот завод за статистика, забележан е значителен пораст во бројот на онлајн купувања, што покажува раст на свеста за е-трговијата во Македонија. Кон анализа

За овие податоци, АЕТМ организираше и бројни ТВ гостувања, на кои преставници на Асоцијацијата ги претставија клучните податоци од анализираните податоци и зборуваа за порастот на македонската е-трговија, главните предизвици со кои се соочува секторот, како и можностите за понатамошен развој.

Ноември

# Го објавивме шестиот годишен извештај од анализата на е-трговија: „Western Balkan E-commerce Report 2024"

Зголемување на понудата во е-трговија | Подобрување на дигитални вештини | Прекугранична е-трговија | Сива економија




Кон извештај

Поддржано од NLB

Во ноември 2024 година, со поддршка од НЛБ Групацијата, АЕТМ го објави шестиот годишен извештај „Western Balkan E-commerce Report 2024", кој ја проширува својата фокусна област од Северна Македонија на целиот Западен Балкан, вклучувајќи ја Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора и Србија. Извештајот нуди детална анализа на состојбата и трендовите во е-трговијата, оценувајќи го растот на пазарите и споредувајќи ги со поразвиените европски региони.

### Цел

Мапирање ја состојбата на е-трговијата во Западен Балкан, идентификување клучни бариери и давање препораки за надминување на предизвиците и промовирање на растот во регионот.

**Клучни истражувачки прашања:**

- Големина на пазарот и потенцијалот за е-трговија
- Дигитална подготвеност и подготвеност за е-трговија
- Состојба на е-трговијата во Западен Балкан
- Мапирани области за акција

### Опфатени пазари

- Албанија (ALB)
- Босна и Херцеговина (B&H)**
- Косово* (KSV)
- Црна Гора (MNE)
- Северна Македонија (MKD)**
- Србија (SRB)*

**Целна група**

- Е-трговци

### Методологија

- **Анализа на податоци** Собирање секундарни податоци, статистичка анализа
- **Квантитативно истражување** Примерок за онлајн анкета 55 е-трговци
- **Квалитативно истражување** Интервјуа со Асоцијации за е-трговија од регионот
- **Студија на случај** NLB Group

Клучни теми во извештајот ја вклучуваат големината и потенцијалот на регионалните пазари, дигиталната подготвеност, трендовите во плаќање, логистика, правната рамка, искуствата на е-трговците и улогата на асоцијациите за е-трговија. Извештајот идентификува и препорачува области за акција за надминување на бариерите, како што се подобрување на инфраструктурата, зголемување на дигиталната писменост и модернизација на плаќањата

# Го објавивме шестиот годишен извештај од анализата на е-трговија: „Western Balkan E-commerce Report 2024"

Зголемување на понудата во е-трговија | Подобрување на дигитални вештини | Прекугранична е-трговија | Сива економија







Традиционално, на 7-мата регионална конференција за е-трговија, организирана од АЕТМ, беа презентирани клучните сознанија од извештајот. Со оглед на тоа што извештајот опфаќа целиот регион, а на настанот присуствуваа над 740 учесници, од кои значителен број доаѓаа од земјите на Западен Балкан, конференцијата претставуваше одлична платформа за промовирање на извештајот и за информирање за сознанијата.

**Презентација од клучните сознанија од извештајот за е-трговијата во Западен Балкан**




Кон презентација

**Видео презентација до клучните сознанија од извештајот за е-трговијата во Западен Балкан**



Кон видео

# УЧЕСТВО НА НАСТАНИ И КОНФЕРЕНЦИИ ЗА Е-ТРГОВИЈА

Прекугранична е-трговија | Сива економија

Во текот на 2024 година, Асоцијацијата за е-трговија на Македонија активно учествуваше на бројни регионални и меѓународни настани и конференции за е-трговија. Овие активности беа клучни за одржување и зајакнување на соработката со партнерите, размена на знаења и најдобри практики, како и за следење на најновите трендови во индустријата. Преку учество на овие настани, тимот на АЕТМ дополнително ја промовираше работата на Асоцијацијата, воспоставувајќи нови партнерства и претставувајќи ги македонските е-трговци на пошироката регионална и глобална сцена.









посета и учество на **7 настани и студиски посети** од екосистемот на е-трговијата

вмрежување со претставници од е-трговијата од регионот

**претставување на македонските е-трговци на регионално и меѓународно ниво**

Март

## Пред повеќе од 130 студенти на ФИНКИ одржавме предавање на тема "The Why & How: E-commerce 101"



На 26-ти март од страна на Виктор, генералниот секретар и Марија, проектната менаџерка на АЕТМ беше одржано гостинско предавање на ФИНКИ како дел од предметот „Е-трговија" кај проф. д-р Димитар Трајанов. Настанот привлече повеќе од 130 студенти, кои со својата ентузијастичка енергија го направија предавањето интерактивно и инспиративно. Под темата „The Why & How: E-commerce 101", тимот на АЕТМ дискутираше со студентите за состојбата на е-трговијата, нејзините можности и потенцијал, како и за основните чекори потребни за започнување бизнис во е-трговија и успешно онлајн продавање. Ова предавање не само што имаше едукативна вредност, туку и ја потврди важноста на соработката со академската заедница во поттикнувањето на идните генерации за активно учество во дигиталната економија.

Април

## Посета на Balkan E-commerce Summit во Софија, Бугарија

Со цел одржување на односите со нашите регионални партнери и соработници, како и останување во тек со најновите трендови, тимот на АЕТМ учествуваше на регионалниот Balkan E-commerce Summit, организиран од нашиот партнер eCommerce Academy од Бугарија.






Како горд партнер на овој настан втора година по ред, АЕТМ ја искористи можноста да ја презентира својата нова веб-платформа **ecommerce.mk/badge** при нетворкинг со присутните, како и дел од досегашните активности на Асоцијацијата пред компаниите од регионот. Настанот, со својата внимателно осмислена програма и EXPO простор, овозможи одлична размена на идеи и можности за соработка со постојни партнери и нови контакти.



Мај

## Учество како поддржувачи на втората WITCON конференција организирана од WomenInTech






Веќе втора година по ред, Асоцијацијата за е-трговија на Македонија, заедно со Алијансата за родова еднаквост - GEA е горд партнер на WITCON конференцијата, организирана од нашите соработници од Women in Tech Macedonia. Оваа година, конференцијата се одржа со над 450 присутни од технолошката индустрија, кои беа дел од настан исполнет со инспиративна енергија, мотивација и иновации.

Конференцијата вклучуваше 28 говорници, кои преку панел дискусии и lightning talks ги споделија своите искуства, совети и стратегии за успех во технолошкиот сектор. Дел од овие говорници беше и претседателката на AETM и GEA, д-р Нина Ангеловска, која во своето lightning talk ги претстави 8P's of Entrepreneurship, сподели значајни лекции од својата кариера и воедно ги објасни причините и потребите зад формирањето на AETM.

Јуни

## Учество на Shoptalk Europe во Барселона, Шпанија

Од 3 до 5 јуни 2024 година, тимот на AETM учествуваше на Shoptalk Europe, една од најголемите и највлијателни конференции за е-трговија и малопродажба, која се одржа во Барселона, Шпанија. Настанот, организиран под мотото „The New Home for Retail's Boldest Pioneers", собра над 3.000 учесници од целиот свет, обезбедувајќи уникатна платформа за размена на иновации, најдобри практики и воспоставување на нови бизнис контакти.
Преку системот за matchmaking на конференцијата, тимот на AETM оствари директни состаноци со претставници од глобални компании, што овозможи значајни разговори и потенцијални соработки. Учеството на бројни предавања и панел дискусии, кои опфатија актуелни теми како „Изградба и имплементација на AI стратегии" и „Технологии за fulfillment и испорака", донесе важни увиди за идните трендови во е-трговијата.

Во рамките на настанот, особено внимание беше посветено на промоцијата на Балканската алијанса за е-трговија (BECA), која предизвика голем интерес меѓу учесниците од регионот, истакнувајќи ја важноста на регионалната соработка и можностите за развој.






Јуни

# Учество на едукативен настан “E-commerce in Kosovo: Challenges & Opportunities” во Косово






Нашите партнери од организацијата STIKK спроведоа истражување за е-трговијата во Косово, а резултатите од истото ги споделија на едукативен meetup на кој покрај релевантни засегнати страни за е-трговија во Косово, присуствуваа и претставници од АЕТМ и нашите партнери од Албанската Асоцијација за е-трговија.

Покрај резултатите од истражувањето, целта беше да се споделат искуства од страна на македонската и Албанската асоцијација за е-трговија, како и да се промовира регионалната платформа за е-трговија ecommerce4all.eu која претставува регионален ресурсен и едукативен центар за е-трговија со податоци за С.Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Молдавија и Црна Гора.

Октомври

# Учество на Xperience - првата конференција за е-трговија во Србија

Тимот на АЕТМ имаше задоволство да присуствува на Xperience, првата конференција за е-трговија организирана од нашите партнери, Асоцијацијата за е-трговија на Србија, која се одржа во Белград.







Конференцијата претставуваше уникатна можност за поврзување со партнери од Србија, Бугарија, Босна и Херцеговина и други земји од регионот. Денот беше исполнет со инспиративни говори, вредни дискусии и значајни можности за вмрежување, дополнително зацврстувајќи ги нашите односи со регионалната е-трговска заедница.




Присуството на вакви настани не само што го проширува видикот за најновите трендови и практики, туку и ја зајакнува нашата посветеност за унапредување на е-трговијата во регионот.

Октомври

# Студиска посета на Брисел – Зајакнување на јавно-приватниот дијалог во е-трговија

Прекугранична е-трговија | Сива економија







На 29-ти и 30-ти октомври 2024 година, тимот на АЕТМ учествуваше на студиска посета во Брисел, организирана од Германското друштво за меѓународна соработка - ГИЗ, со цел зајакнување на капацитетите за јавно-приватниот дијалог (PPD) во е-трговијата. Посетата опфати средби со клучни институции како CEFTA Secretariat, Ecommerce Europe и EuroCommerce, каде што беа разгледани актуелни теми и иницијативи за унапредување на е-трговијата и регионалната соработка.

Средбата со CEFTA Secretariat се фокусираше на улогата на CEFTA во поддршката на регионалниот економски развој, вклучувајќи го воведувањето на QR плаќања и можностите за соработка преку меморандум за соработка (MoU) помеѓу Балканската алијанса за е-трговија - BECA и CEFTA.

Средбата со Ecommerce Europe и EuroCommerce овозможи увид во нивната членствена структура, управувачки модел и начинот на комуникација со членови, кои претставуваат добар пример за практики применливи за BECA. Дополнително, беа разгледани теми како важноста на регулативи, вклучувајќи го Digital Services Act, и начините за подигање на свеста кај членовите преку мејлови, блогови и информативни сесии.

Како дел од заклучоците, договорено е формализирање на соработката со CEFTA, организирање информативни активности за членовите поврзани со новите регулативи и подготовка на локален акциски план за PPD за 2025 година.

Оваа студиска посета претставуваше значаен чекор за зајакнување на јавно-приватниот дијалог, зајакнување на улогата на АЕТМ и поддршка на македонските е-трговци во подобрување на нивната конкурентност и усогласеност со глобалните трендови.

# МЕДИУМСКО ПРИСУСТВО

Зголемување на понудата во е-трговија | Подобрување на дигитални вештини | Прекугранична е-трговија | Сива економија

Во текот на 2024 година, Асоцијацијата за е-трговија на Македонија активно работеше на зајакнување на својот медиумски отпечаток и промоција на е-трговијата. Со вкупно 310 медиумски објави, бројни телевизиски гостувања и спроведени промотивни кампањи, се фокусиравме на подигање на свеста за безбедното онлајн купување, зајакнување на довербата во е-трговијата и промоција на нашите членови и нивните услуги.




**315**
медиумски објави

**8**
телевизиски гостувања

**∞**
**подигање на свеста за е-трговијата во земјата и регионот**

# ЗАКЛУЧОК



Во 2024 година, заедно успеавме да направиме значајни чекори во развојот на е-трговијата, градењето доверба и зајакнувањето на дигиталната економија. Продолжуваме со посветеност кон создавање подобра бизнис околина и нови можности за сите.

Им благодариме на сите наши членови, партнери и соработници кои се дел од ова наше патување на кое заеднички ја обликуваме иднината на е-трговијата во Македонија и регионот!

**Контакт**

---

info@ecommerce.mk

ecommerce.mk

ул. Мирослав Крлежа 14/1-1

# Ви благодариме на вашата безрезервна поддршка!

Премиум членови

Членови

Почесни членови

# 2024

Алијанса за родова еднаквост - GEA

Декември 2024

genderequalityalliance.org

# Годишен извештај

## од работата на GEA

GENDER EQUALITY ALLIANCE

# РЕАЛИЗИРАНИ ↘ АКТИВНОСТИ ВО 2024


4 Кампања „Мит. vs Факт“ - откривање на вистината за родовата еднаквост проследена со нетворкинг бранч настан

5 Доделување на наградите за најдобра е-продавница основана од жена [powered by GEA]

6 Интерактивна средба во рамки на кампањата „Гласна и храбра 2“ на Министерство за труд и социјална политика

7 Организација на едукативен нетворкинг настан “Trivia Quiz & Cocktails Night”

8 Организација на третата конференција по повод Меѓународниот ден на еднакви плати „EqualXChange: Empowering Ideas, Inspiring Journeys“

9 Кампања за кариерно мотивирање “Career Spotlight”

10 Инспиративна видео кампања со главниот партнер Халкбанк на тема: „Рамо до рамо: успехот кој стои зад мешаните тимови“

11 Медиумско присуство

Март 2024

# Спроведовме кампања „Мит. vs Факт“ - откривање на вистината за родовата еднаквост проследена со нетворкинг бранч настан

Со цел подигнување на свеста за проблемите поврзани со родовата еднаквост, GEA ја реализираше кампањата „Мит vs. Факт: Откривање на вистината за родовата еднаквост“, со која успешно го одбележа месецот на жената. Кампањата ја истакна важноста на споделувањето проверени факти и податоци како клучен чекор за справување со постоечките стереотипи и нееднаквости во општеството.






Преку креативни објави и интерактивни квизови на социјалните мрежи, се адресираа митови кои често ги засенуваат фактите, а беа поддржани со истражувања и студии од релевантни извори како Државниот завод за статистика, Светската банка, Светскиот економски форум и Европскиот институт за родова еднаквост. Еден од истакнатите примери беше митот дека жените и мажите подеднакво ги споделуваат домашните обврски, додека фактите покажуваат дека жените во Северна Македонија трошат 2,8 пати повеќе време на неплатена домашна работа. Кулминација на кампањата беше организирањето на Networking Brunch & Quiz, кој собра 60 гости, вклучувајќи истакнати личности како проф. д-р Елизабета Ѓоргиевска, сопруга на претседателот на Република Северна Македонија, претставници од Министерството за труд и социјална политика, и членови на Советот на Алијансата за родова еднаквост на работното место – ГЕА. Настанот овозможи дискусија за предизвиците на родовата еднаквост и интерактивен квиз за тестирање на знаењата стекнати преку кампањата. Дополнително, на настанот беа доделени признанија за партнерите и поддржувачите на GEA, чија посветеност игра клучна улога во унапредувањето на родовата еднаквост во земјата.












[Видео од настанот] [Галерија]

Март 2024

# Доделивме награди за најдобра е-продавница основана од жена [Powered by GEA]




Третата година по ред, Асоцијацијата за е-трговија на Македонија традиционално го организира изборот за најдобрите во македонската е-трговија – „Ecommerce Awards“, кој има за цел да ги препознае и награди најуспешните е-трговци, како и да придонесе за нивниот раст и развој.

На минатогодишниот избор беа номинирани повеќе од 160 е-трговци во 24 различни категории. Како дел од наградите, традиционално се доделува и наградата за **„Најдобра е-продавница основана од жена“** [powered by GEA], што го потврдува ангажманот на GEA за родова еднаквост и зајакнување на жените во е-трговијата. На гала настанот во март 2024 година, наградите за првото, второто и третото место беа доделени на elenaluka.mk, korpa.mk и preplet.mk, кои беа избрани за најдобрите е-продавници основани од жени, а беа доделени од претседателката на АЕТМ и GEA, Нина Ангеловска Станков.










За E-commerce Awards

# Бевме дел од интерактивна средба во рамки на кампањата „Гласна и храбра 2“ на Министерство за труд и социјална политика








Во рамки на кампањата "Гласна и Храбра 2" на Министерката за труд и социјална политика, Јована Тренчевска, со тимот на Ananas.mk и Василка Салевска - Трајкова, Менаџерка за екстерни прашања во Филип Морис Тутунски Комбинат Прилеп, еден од партнерите на GEA, се одржа продуктивна дискусија за напредокот на жените на пазарот на труд. Настанот вклучуваше интерактивна сесија, придружена со игра која предизвика интересни дискусии и ја поттикна размената на идеи.

Различните перспективи и искуства кои беа споделени беа инспиративни, а сите присутни се согласија за важноста од заедничка визија за родова еднаквост и унапредување на статусот на жените во работната средина.







Кон видео

# Организиравме едукативен нетворкинг настан “Trivia Quiz & Cocktails Night”

На 9-ти јули 2024 година, тимот на GEA организираше уникатен настан под назив Trivia Quiz & Cocktails Night, кој преку неформално дружење и натпреварувачки дух ја подигна свеста за родовата еднаквост на интересен и забавен начин. Настанот привлече 10 тимови, составени од партнери, поддржувачи и пријатели на GEA и AETM, кои со голем ентузијазам се впуштија во тестирање на своето знаење низ седум категории, меѓу кои дигитализација и технологија, познати првенци, спорт, култура и забава, наука, претприемништво и гастрономија.




Победничкиот тим, составен од претставници на Сава Пензиско, освои импресивни 310 поени и заслужено ја доби наградата од нашиот домаќин, Casa Bar. Голема благодарност до сите учесници, чии енергија и ентузијазам придонесоа за создавање извонредна атмосфера и успешен настан. Овој вид настан беше топло прифатен од учесниците, кои ја оценија вечерта како навистина забавна и едукативна.













Видео од настанот

Галерија

Октомври 2024

# Со 100+ учесници ја организиравме третата конференција по повод Меѓународниот ден на еднакви плати „EqualXChange: Empowering Ideas, Inspiring Journeys“

По повод Меѓународниот ден на еднакви плати, Алијансата ја организираше својата трета годишна конференција „Equal Exchange: Empowering Ideas, Inspiring Journeys“, со поддршка од фондацијата Friedrich-Ebert-Stiftung (FES). Целта беше да поттикне дискусија за измена на традиционалните норми во претприемништвото, инклузивно лидерство и родова еднаквост во С. Македонија.

Конференцијата им овозможи на учесниците нови перспективи за успех и инспирација за значајни промени во деловните потфати. Преку панел-дискусии и студии на случај, 20 претставници од бизнис секторот ги споделија своите искуства за поттикнување инклузивно лидерство и надминување на родовите стереотипи.






Настанот беше отворен од Нина Ангеловска Станков, претседателка на GEA, која ја истакна важноста на родовата еднаквост и иновациите за успехот на организациите. Нита Старова од фондацијата FES зборуваше за негативните ефекти на нееднаквоста во платите на економскиот развој.






Конференцијата ја истакна улогата на GEA во одржливиот развој #SDG5 – Родова еднаквост, со активна соработка со UN Women и поддршка од компании како Eurolink, Casys и Halkbank. Алијансата е отворена за сите кои сакаат да се вклучат и поддржат нејзината работа.

Видео од настанот | Галерија

# Спроведовме кампања за кариерно мотивирање “Career Spotlight”










Во рамки на кампањата „Career Spotlight,“ реализирана со поддршка од нашите партнери Casys, Пивара Скопје и Халкбанк, спроведовме интервјуа со вработени од секоја компанија. Прашањата се однесуваа на совети за почеток на кариера во нивните индустрии, клучни вештини за лидерство, справување со промени и лични достигнувања кои го обележале нивниот професионален развој.

Мотивирачките и инспиративни одговори беа презентирани преку атрактивни визуелни материјали на нашите профили на Instagram, Facebook и LinkedIn, при што кампањата доби исклучително позитивен одзив и голема интеракција.



















[Кон Instagram]

# Креиравме инспиративна видео кампања со главниот партнер Халкбанк на тема: „Рамо до рамо: успехот кој стои зад мешаните тимови“




Во рамките на кампањата „Рамо до рамо – успехот кој стои позади мешаните тимови“, Алијансата за родова еднаквост на работното место – GEA, во соработка со Халкбанк, создаде инспиративна видео кампања која ја истакнува важноста на соработката и родовата еднаквост во бизнисот. Кампањата беше насочена кон промовирање на мешаните тимови како клуч за поголема продуктивност, иновации и успех. Видео приказната ги претстави основачите на Bebe Home и CosLoveMetics, кои споделија искуства за успешната соработка и доверба меѓу различните улоги во нивните компании.

Кампањата и прашањата која ги опфати истата беа промовирани преку дигитални канали, достигнувајќи широка публика и истакнувајќи ја важноста на родовата еднаквост како клучен фактор за успех во бизнисот.
















Кон видео кампања | Прочитај повеќе

# МЕДИУМСКО ПРИСУСТВО

Во текот на 2024 година, Алијансата за родова еднаквост активно го зајакнуваше своето медиумско присуство и работеше на промоција на родовата еднаквост преку 4 ПР кампањи и 31 медиумска објава. Со постојани напори за подигнување на свеста за родовата еднаквост и истакнување на клучните достигнувања, Алијансата се посвети на создавање позитивни промени во заедницата. Кампањите опфатија различни канали и активности, придонесувајќи за поширока дискусија и ангажман во однос на значењето на еднаквоста и инклузивноста.

**4** ПР кампањи

**31** медиумски објави

**∞** **подигање на свеста за родовата еднаквост на работното место**



# ВИ БЛАГОДАРИМЕ

## за вашата поддршка на работата на Алијансата за родова еднаквост - GEA во 2024 година

Ви благодариме што сте дел од мрежата која ја движи промената кон поправедно и поинклузивно општество. Вашата поддршка на Алијансата за родова еднаквост на работното место е клучна за создавање средина во која секој поединец има еднакви можности за раст и успех.

ГЛАВНИ ПАРТНЕРИ — CaSys International, eurolink Member of GRAWE Group, HALKBANK >ВАЖНИ СЕ ЛУЃЕТО

ПАРТНЕРИ — PHILIP MORRIS TUTUNSKI KOMBINAT PRILEP LLC SKOPJE, ПИВАРА СКОПЈЕ 1922, A1

ПОДДРЖУВАЧИ — Roche, SAVA OSIGURUVANJE, ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ, SAVA PENZISKO, PUBLICIS GROUPE



# РЕАЛИЗИРАНИ ↘ АКТИВНОСТИ ВО 2024


4 Кампања „Мит. vs Факт“ - откривање на вистината за родовата еднаквост проследена со нетворкинг бранч настан

5 Доделување на наградите за најдобра е-продавница основана од жена [powered by GEA]

6 Интерактивна средба во рамки на кампањата „Гласна и храбра 2“ на Министерство за труд и социјална политика

7 Организација на едукативен нетворкинг настан “Trivia Quiz & Cocktails Night”

8 Организација на третата конференција по повод Меѓународниот ден на еднакви плати „EqualXChange: Empowering Ideas, Inspiring Journeys“

9 Кампања за кариерно мотивирање “Career Spotlight”

10 Инспиративна видео кампања со главниот партнер Халкбанк на тема: „Рамо до рамо: успехот кој стои зад мешаните тимови“

11 Медиумско присуство

Март 2024

# Спроведовме кампања „Мит. vs Факт“ - откривање на вистината за родовата еднаквост проследена со нетворкинг бранч настан

Со цел подигнување на свеста за проблемите поврзани со родовата еднаквост, GEA ја реализираше кампањата „Мит vs. Факт: Откривање на вистината за родовата еднаквост“, со која успешно го одбележа месецот на жената. Кампањата ја истакна важноста на споделувањето проверени факти и податоци како клучен чекор за справување со постоечките стереотипи и нееднаквости во општеството.






Преку креативни објави и интерактивни квизови на социјалните мрежи, се адресираа митови кои често ги засенуваат фактите, а беа поддржани со истражувања и студии од релевантни извори како Државниот завод за статистика, Светската банка, Светскиот економски форум и Европскиот институт за родова еднаквост. Еден од истакнатите примери беше митот дека жените и мажите подеднакво ги споделуваат домашните обврски, додека фактите покажуваат дека жените во Северна Македонија трошат 2,8 пати повеќе време на неплатена домашна работа. Кулминација на кампањата беше организирањето на Networking Brunch & Quiz, кој собра 60 гости, вклучувајќи истакнати личности како проф. д-р Елизабета Ѓоргиевска, сопруга на претседателот на Република Северна Македонија, претставници од Министерството за труд и социјална политика, и членови на Советот на Алијансата за родова еднаквост на работното место – ГЕА. Настанот овозможи дискусија за предизвиците на родовата еднаквост и интерактивен квиз за тестирање на знаењата стекнати преку кампањата. Дополнително, на настанот беа доделени признанија за партнерите и поддржувачите на GEA, чија посветеност игра клучна улога во унапредувањето на родовата еднаквост во земјата.












[Видео од настанот] [Галерија]

# Доделивме награди за најдобра е-продавница основана од жена [Powered by GEA]




Третата година по ред, Асоцијацијата за е-трговија на Македонија традиционално го организира изборот за најдобрите во македонската е-трговија – „Ecommerce Awards", кој има за цел да ги препознае и награди најуспешните е-трговци, како и да придонесе за нивниот раст и развој.

На минатогодишниот избор беа номинирани повеќе од 160 е-трговци во 24 различни категории. Како дел од наградите, традиционално се доделува и наградата за **„Најдобра е-продавница основана од жена"** [powered by GEA], што го потврдува ангажманот на GEA за родова еднаквост и зајакнување на жените во е-трговијата. На гала настанот во март 2024 година, наградите за првото, второто и третото место беа доделени на elenaluka.mk, korpa.mk и preplet.mk, кои беа избрани за најдобрите е-продавници основани од жени, а беа доделени од претседателката на АЕТМ и GEA, Нина Ангеловска Станков.










За E-commerce Awards

Март 2024

# Бевме дел од интерактивна средба во рамки на кампањата „Гласна и храбра 2“ на Министерство за труд и социјална политика








Во рамки на кампањата "Гласна и Храбра 2" на Министерката за труд и социјална политика, Јована Тренчевска, со тимот на Ananas.mk и Василка Салевска - Трајкова, Менаџерка за екстерни прашања во Филип Морис Тутунски Комбинат Прилеп, еден од партнерите на GEA, се одржа продуктивна дискусија за напредокот на жените на пазарот на труд. Настанот вклучуваше интерактивна сесија, придружена со игра која предизвика интересни дискусии и ја поттикна размената на идеи.

Различните перспективи и искуства кои беа споделени беа инспиративни, а сите присутни се согласија за важноста од заедничка визија за родова еднаквост и унапредување на статусот на жените во работната средина.







Кон видео

# Организиравме едукативен нетворкинг настан “Trivia Quiz & Cocktails Night”

На 9-ти јули 2024 година, тимот на GEA организираше уникатен настан под назив Trivia Quiz & Cocktails Night, кој преку неформално дружење и натпреварувачки дух ја подигна свеста за родовата еднаквост на интересен и забавен начин. Настанот привлече 10 тимови, составени од партнери, поддржувачи и пријатели на GEA и AETM, кои со голем ентузијазам се впуштија во тестирање на своето знаење низ седум категории, меѓу кои дигитализација и технологија, познати првенци, спорт, култура и забава, наука, претприемништво и гастрономија.




Победничкиот тим, составен од претставници на Сава Пензиско, освои импресивни 310 поени и заслужено ја доби наградата од нашиот домаќин, Casa Bar. Голема благодарност до сите учесници, чии енергија и ентузијазам придонесоа за создавање извонредна атмосфера и успешен настан. Овој вид настан беше топло прифатен од учесниците, кои ја оценија вечерта како навистина забавна и едукативна.

















Видео од настанот | Галерија

Октомври 2024

# Со 100+ учесници ја организиравме третата конференција по повод Меѓународниот ден на еднакви плати „EqualXChange: Empowering Ideas, Inspiring Journeys“

По повод Меѓународниот ден на еднакви плати, Алијансата ја организираше својата трета годишна конференција „Equal Exchange: Empowering Ideas, Inspiring Journeys“, со поддршка од фондацијата Friedrich-Ebert-Stiftung (FES). Целта беше да поттикне дискусија за измена на традиционалните норми во претприемништвото, инклузивно лидерство и родова еднаквост во С. Македонија.

Конференцијата им овозможи на учесниците нови перспективи за успех и инспирација за значајни промени во деловните потфати. Преку панел-дискусии и студии на случај, 20 претставници од бизнис секторот ги споделија своите искуства за поттикнување инклузивно лидерство и надминување на родовите стереотипи.






Настанот беше отворен од Нина Ангеловска Станков, претседателка на GEA, која ја истакна важноста на родовата еднаквост и иновациите за успехот на организациите. Нита Старова од фондацијата FES зборуваше за негативните ефекти на нееднаквоста во платите на економскиот развој.






Конференцијата ја истакна улогата на GEA во одржливиот развој #SDG5 – Родова еднаквост, со активна соработка со UN Women и поддршка од компании како Eurolink, Casys и Halkbank. Алијансата е отворена за сите кои сакаат да се вклучат и поддржат нејзината работа.

Видео од настанот | Галерија

# Спроведовме кампања за кариерно мотивирање “Career Spotlight”










Во рамки на кампањата „Career Spotlight,“ реализирана со поддршка од нашите партнери Casys, Пивара Скопје и Халкбанк, спроведовме интервјуа со вработени од секоја компанија. Прашањата се однесуваа на совети за почеток на кариера во нивните индустрии, клучни вештини за лидерство, справување со промени и лични достигнувања кои го обележале нивниот професионален развој.

Мотивирачките и инспиративни одговори беа презентирани преку атрактивни визуелни материјали на нашите профили на Instagram, Facebook и LinkedIn, при што кампањата доби исклучително позитивен одзив и голема интеракција.



















Кон Instagram

# Креиравме инспиративна видео кампања со главниот партнер Халкбанк на тема: „Рамо до рамо: успехот кој стои зад мешаните тимови“




Во рамките на кампањата „Рамо до рамо – успехот кој стои позади мешаните тимови“, Алијансата за родова еднаквост на работното место – GEA, во соработка со Халкбанк, создаде инспиративна видео кампања која ја истакнува важноста на соработката и родовата еднаквост во бизнисот. Кампањата беше насочена кон промовирање на мешаните тимови како клуч за поголема продуктивност, иновации и успех. Видео приказната ги претстави основачите на Bebe Home и CosLoveMetics, кои споделија искуства за успешната соработка и доверба меѓу различните улоги во нивните компании.

Кампањата и прашањата која ги опфати истата беа промовирани преку дигитални канали, достигнувајќи широка публика и истакнувајќи ја важноста на родовата еднаквост како клучен фактор за успех во бизнисот.
















Кон видео кампања  Прочитај повеќе

# МЕДИУМСКО ПРИСУСТВО

Во текот на 2024 година, Алијансата за родова еднаквост активно го зајакнуваше своето медиумско присуство  и работеше на промоција на родовата еднаквост преку 4 ПР кампањи и 31 медиумска објава. Со постојани напори за подигнување на свеста за родовата еднаквост и истакнување на клучните достигнувања, Алијансата се посвети на создавање позитивни промени во заедницата. Кампањите опфатија различни канали и активности, придонесувајќи за поширока дискусија и ангажман во однос на значењето на еднаквоста и инклузивноста.

**4** ПР кампањи

**31** медиумски објави

**∞ подигање на свеста за родовата еднаквост на работното место**



# ВИ БЛАГОДАРИМЕ

## за вашата поддршка на работата на Алијансата за родова еднаквост - GEA во 2024 година

Ви благодариме што сте дел од мрежата која ја движи промената кон поправедно и поинклузивно општество. Вашата поддршка на Алијансата за родова еднаквост на работното место е клучна за создавање средина во која секој поединец има еднакви можности за раст и успех.

ГЛАВНИ ПАРТНЕРИ

ПАРТНЕРИ

ПОДДРЖУВАЧИ

